# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| **”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”<br>Излегува по потреба** | **24 Април. 2008 год.<br>Скопје<br>Бр. 5 Год. III** |

www.opstinagpetrov.gov.mk    opstinagpetrov@yahoo.com

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни
работи и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ;
02/2039-308 фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци


**Содржина:**


1.Нацрт-Одлука за утврдување на ДУП за дел од УЗ Дексион-УМ 1,
Општина Ѓорче Петров ....................2 стр.

2. Заклучок за утврдување на Нацрт ДУП за дел од УЗ Дексион-УМ1,-Општина Ѓорче Петров..................6 стр.

3. Одлука за одобрение на Проектот за реконструкција на локална
патна мрежа на територијата на Општина Ѓорче Петров ....................8 стр.

4. Одлука за измени и дополнување на Буџетот на Општина
Ѓорче Петров за 2008 година....................11 стр.

5. Одлука за измена и дополнувањње на Одлуката за утврдување
на висината и начинот на плаќање на надоместоците за поставување
на инсталации на територија на Општина Ѓорче Петров....................16 стр.

6. Одлука за измени и дополнување на Програмата за урбано планирање
*Ф* на Општина Ѓорче Петров....................18 стр.


**Скопје, Април 2008 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Нацрт-Одлуката за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од УЗ Дексион-УМ 1, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Нацрт-Одлуката за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од УЗ Дексион-УМ 1, Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја усвои на Седумдесет и седмата Седница на Советот, одржана на ден 17.04.2008 година.

**Број 08-960/1**
**од 18.04.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров“ („Службен гласник на Град Скопје“ бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија“ број 51/05 и 137/07 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 77-та седница одржана на 17.04.2008 година, донесе:

**Н А Ц Р Т-О Д Л У К А**
**за утврдување на Детален урбанистички план**
**за дел од УЗ Дексион-УМ1**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува Деталниот урбанистички план за дел од УЗ Дексион - УМ1 - Општина Ѓорче Петров - Скопје.

*Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје(Службен гласник на Град Скопје бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање,(Сл. весник на Р.Македонија бр. 51/2005 и 137/2007), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006 и 140/2007)*

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план за дел од УЗ Дексион-УМ1, Општина Ѓорче Петров - Скопје, е со површина од 6,41 ха, со следни граници на опфат:

- на запад : ул.Кузман Шапкарев
- на север ул. 4ти Јули
- на исток: ул.Ѓеорѓи Казепов,во правец кон југ по пешачка патека до ул.Ѓорче Петров
- на југ: ул.Ѓорче Петров

**Ч л е н 3**

Деталниот урбанистички план за дел од УЗ Дексион - УМ1, Општина Ѓорче Петров е изработен од А.Д.за урбанизам, архитектура и инженеринг "ЗУАС"-Скопје, со технички број 1527/2007.

Деталниот урбанистички план содржи:

**ВОВЕД**

**I.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**
А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ***ВОВЕД***
2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ И НАСОКИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА СТОПАНСКИ И НЕСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ
3. ХРОНОЛОГИЈА НА ПЛАНИРАЊЕТО НА ПРОСТОРОТ
4. НАМЕНА НА ПРОСТОРОТ
5. НАСЕЛЕНИЕ
6. ГРАДЕЖЕН ФОНД
7. СТАНБЕН ФОНД
8. ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ И КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПРОСТОРОТ
9. ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
10. НАСОКИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ НА ПЛАНОВИТЕ ОД ПОВИСОКО НИВО
11. РЕЗИМЕ НА МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ
12. ПОПИСНИ ЛИСТИ ОД ИЗВРШЕНА ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

***1 Извод од ГУП на Скопје од 2002 год 1:5000***
***2 Извод од ДУП од 1982 год 1:1000***
3. Ажурирана геодетска подлога ...................................... 1:1000
4. Инвентаризација и снимка на бесправна градба........... 1:1000
5. Инвентаризација на постоен градежен фонд................ 1:1000
6. Инвентаризација на постојна инфраструктура.............. 1:1000

**II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. ВОВЕД
2. ГРАНИЦИ И ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
3. ПРОСТОРЕН КОНЦЕПТ
4. ЕДИНИЦИ НА ГРАДЕжНО ЗЕНЈИШТЕ
5. КЛАСА НА НАМЕНИ
6. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ
7. НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН
8. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА
9. ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТИКА И ПТТ ИНСТАЛАЦИИ
10. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА
11. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
12. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ
13. УСЛОВИ ЗА ГРАДБА

12.1.ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА
12.2.ПОСБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Синтезен приказ .................................................................... 1:1000
    - план на намена на земјиштето и градбите
    - регулационен план
    - план на површина на градење
2. Синтезен план........................................................................ 1:1000
    - сообраќајно решение
    - нивелациски план
3. Синтезен план ...................................................................... 1:1000
    - хидротехничка инфраструктура
    - локации на трафостаници

**Ч л е н 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Ч л е н 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на Планот.

**Ч л е н 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Ч л е н 7**

Оваа Нацрт-Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07- 824/3**
**од 17.04.2008 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Заклучокот за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од УЗ Дексион-УМ 1, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од УЗ Дексион-УМ 1, Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Седумдесет и седмата Седница на Советот, одржана на ден 17.04.2008 година.

**Број 08-960/2**
**од 18.04.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на чл. 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр.51/2005 и 137/2007), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ"бр.5/2002) и чл.16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 77-та седница одржана на ден 17.04.2008 година, расправајќи по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ Дексион,УМ1,Општина Ѓорче Петров-Скопје,го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

### за утврдување на Нацрт ДУП за дел од УЗ Дексион,УМ1-Општина Ѓорче Петров

1. Се утврдува текстот на Нацрт-Одлуката за утврдување на Нацрт-Деталниот урбанистички план за дел од УЗ Дексион,УМ1-Општина Ѓорче Петров,Скопје со Нацрт ДУП како составен дел на Нацрт-Одлуката.

2. Надлежните органи на Општината, односно Градоначалникот и Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров ќе ја спроведат понатамошната постапка за донесување на овој Детален урбанистички план согласно член 24 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

3. Овој Заклучок ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-824/3-1**
**Од 17.04.2008 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампие Анѓелковски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за одобрување на проектот за реконструкција на локалната патна мрежа на територијата на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за одобрување на проектот за реконструкција на локалната патна мрежа на територијата на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седумдесет и седмата Седница на Советот, одржана на ден 17.04.2008 година.

**Број 08-960/3**
**од 18.04.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 15 став 1 точка 4 алинеја 1 од Законот за Градот Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/04) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 77-та седница, одржана на ден 17.04.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување на проектот за реконструкција на локална патна мрежа на територијата на Општина Ѓорче Петров**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се одобрува проектот за реконструкција на локална патна мрежа на територијата на Општина Ѓорче Петров со утврдување на локалните патни правци редоследно и по приоритет на реализација.

**Ч л е н 2**

Проектот за реконструкција на локалната патна мрежа на територијата на Општината се одобрува со цел аплицирање од страна на Општината со проектен предлог до Фондот за магистрални и регионални патишта за вПроектот за рехабилитација и реконструкција на локална патна мрежаг на Владата на Република Македонија кој ќе се одвива во текот на 2008 и 2009 година во пет фази.

Рокот за поднесување на апликациите со комплетна документација почнува од 01.04.2008 и трае : прва фаза до 31.05.2008 година; втора фаза до 01.09.2008 година; трета фаза до 31.12.2008 година ; четврта фаза до 31.05.2009 година и петта фаза до 01.09.2009 година.

**Ч л е н 3**

Реконструкцијата на локалната патна мрежа на територијата на Општина Ѓорче Петров ќе се одвива на повеќе локални патни правци по следниот приоритет на реализација :

1. Реконструкција на локален пат
   с.Ново село-клучка Стопански двор;

2. Реконструкција на локален пат
   с.Волково-спој со магистрален пат М4 со изградба на мост на р.Лепенец ;

3. Реконструкција на локален пат
   с.Волково-спој со магистрален пат М4
   _делница-центар на с.Волково до излезот на с.Орман;

4. Реконструкција на локален пат
   с.Волково-с.Кучково Караула-Чашка
   _делница од с.Кучково до превој Чекраица и крак до Манастир Св.Ѓорѓија

и крак до крстот во с.Кучково;

5. Реконструкција на локален пат
   с.Ново Село-с.Горно Свиларе
   _делница од раскрсница на ул.1 и ул.51 до граница на Општина Ѓорче Петров со Општина Сарај превој Веле Поле.

**Ч л е н 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров * .

**Број 07- 824/4**
**17.04.2008 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за измени и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година**

Се објавува Одлуката за измени и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седумдесет и седмата Седница на Советот, одржана на ден 17.04.2008 година.

**Број 08-960/4**
**од 18.04.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на Р.М. бр. 5/2002 ), член 16 став 1 точка 2 и член 28 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на Седумдесет и седмата Седница, одржана на 17.04.2008 година, донесе:

**О д л у к а**
**За Измени и дополнување на Буџетот**
**на Општина Ѓорче Петров за 2008 година**

**1. Општ дел**

**Ч л е н 1**

Во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 11/2007 ) се вршат измени и дополнувања и тоа како што следи:

- **ПРИХОДИ**

**1. Во колона буџет** на конто

| | Стои | Треба да стои |
|---|---|---|
| 717137 - Надоместок за уредување на град.земјиш. | 68.824.964 | 75.824.964 |
| **Се додава ново конто** | | |
| 718134 - Надомест за управување со отпад на општините | 0 | 100.000 |
| 725917 - Приходи на Месни заедници од месен самопридонес | 51.000.000 | 48.771.950 |
| 741111 - Тековни трансф.од др.нивоа на власт | 0 | 1.500.000 |
| 741113 - Трансфери од буџет на фондови | 6.641.234 | 12.271.248 |
| 741114 - Прен.виш.на прих.прет.год. | 10.000.000 | 25.342.623 |
| 741211 - Капитални трансф.од др.нивоа на власт | 0 | 10.774.339 |

**2. Во колона приходи од самофинасирачки активности** на конто

| | | |
|---|---|---|
| 741114 - Прен.виш.на прих. од прет.год. | 0 | 867.151 |

**3. Во колона приходи од дотација на конто**

| | | |
|---|---|---|
| 741114 - Прен.виш.прих.прет.год. | 0 | 398.337 |

- **РАСХОДИ**

Во расходите се вршат измени по Програми и конта и тоа како што следи:

**Програм ДО - Градоначалник** во колона буџет, на конто

| | Стои | Треба да стои |
|---|---|---|
| 420210 - Патувања во странство(дневници) | 200.000 | 300.000 |
| 420220 - Патување во странство - патни расходи | 150.000 | 200.000 |
| 420230 - Патување во странство- сместување | 200.000 | 250.000 |
| 421410 - Гориво и масло( мотор.возила) | 320.000 | 350.000 |
| 421420 - Регистр.на мотор.возила | 30.000 | 50.000 |

**Програм Д1 - Месна самоуправа** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 421110 - Електрична енергија | 200.000 | 300.000 |

**Програм Е0- Општинска администрација** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 421310 - Пошта | 550.000 | 710.000 |
| 425220 - Банкарска провизија | 25.000 | 30.000 |
| 425310 - Правни услуги | 195.000 | 215.000 |
| 464990 - Други трансфери | 590.000 | 790.000 |

**Програм ЕА- Капитални трошоци на општината** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 483110 - Купување на канцелариски мебел | 150.000 | 300.000 |
| 483240 - Купување на информатичка и видео опрема | 300.000 | 630.000 |
| 483290 - Купување на друга опрема | 150.000 | 270.000 |

**Програм Ф1- Урбанистичко планирање** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 425640 - Израб.на урбанис.планови | 9.000.000 | 10.500.000 |

**Програм Ф2- Уредување на градежно земјиште** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 421190 - Други комун.такси и услуги | 0 | 1.000.000 |
| 425940 - Рушење на објекти | 1.500.000 | 1.000.000 |

**Програм ФА- Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 482120 - Изградба на улици и патишта | 20.000.000 | 18.000.000 |
| 482130 - Реконструкција на улици и патишта и автоп. | 2.000.000 | 4.000.000 |
| 482320 - Изградба на преч.стан и колек. | 1.000.000 | 3.160.000 |
| 482930 - Реконстр.на други објекти | 200.000 | 1.000.000 |

**Програм ФД- Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)**во колона буџет, на конто

| | Стои | Треба да стои |
|---|---|---|
| 482110 - Подготвување проекти,вклучувајќи дизајн на улици,патишта и автопати | 0 | 5.000.000 |

**Програм Ј3- Јавно осветлување** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 424390 - Одржување на др.градби | 2.000.000 | 6.000.000 |

**Програм Ј4- Јавна чистота** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 425990 - Други договорни услуги | 2.200.000 | 2.500.000 |

**Програм Ј8- Други комунални услуги** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 424230 - Дезинфекција,дератизација | 150.000 | 170.000 |
| 424430 - Поправки и одржување на опрема | 200.000 | 180.000 |

**Програм ЈА- Изградба на јавно осветлување** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 482820 - Изград.на капацит.во енергетика | 5.000.000 | 2.000.000 |

**Програм ЈД- Изградба и реконструкција на локални патиШта и улици** во колона буџет , на конто

| | | |
|---|---|---|
| 482120 - Изградба на улици,патиШта и автопати | 3.141.000 | 4.771.014 |

**Програм ЈГ- Изградба на системи за водоснабдување** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 482720 - Изгр.на капац.за водоснабд. | 1.200.000 | 9.924.339 |

**Програм ЈИ- Изградба на системи за одведување на отпадни води** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 482320 - Изгр.на систем. за одвед.на отп.води | 0 | 69.000.000 |
| 482330 - Реконструкција на пречист.станици и колектори | 61.000.000 | 0 |

Се додава нова
**Програма К3 - Музејска и кинетичка дејност** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 424210 - Одржување на згради | 0 | 50.000 |

**Програм ЛА- Спорт и рекреација капитални трошоци**во колона буџет, на конто

Се додава ново конто

| | | |
|---|---|---|
| 482930 - Реконструкција на др.објекти | 0 | 3.184.014 |

**Програма М1 - Детски градинки во** колона Расходи од самофинансирачки активности на конто:

| | Стои | Треба да стои |
|---|---|---|
| 483290 - Купување на друга опрема | 335.000 | 776.909 |

во колона дотации на конто:

| | Стои | Треба да стои |
|---|---|---|
| 424210 - Одржување на згради | 829.161 | 749.756 |
| 425990 - Др.договорни услуги | 600.000 | 700.000 |

**Програма Н1 - Основно образование во** колона буџет на конто:

| | Стои | Треба да стои |
|---|---|---|
| 421110 - Електрична енергија | 0 | 200.000 |
| 421120 - Водовод и канализација | 0 | 150.000 |
| 421130 - Ѓубре | 0 | 1.435.559 |
| 421240 - Течни горива | 0 | 450.000 |
| 482910 - Подгот.проек.вкл.диз.на др.објекти | 0 | 1.200.000 |
| 482930 - Реконструкц.на др.објекти | 0 | 500.000 |

Во колона Расходи од самофинансирачки активности на конто

| | Стои | Треба да стои |
|---|---|---|
| 423120 - Списанија и весници | 1.615.900 | 1.715.900 |
| 423410 - Прехрамбени продукти и пијалоци | 4.050.000 | 4.120.000 |
| 424210 - Одржување на згради | 58.000 | 108.000 |
| 425790 - Др.образовни услуги | 3.612.600 | 3.667.842 |
| 426990 - Др.оперативни расходи | 0 | 150.000 |

и во колона Расходи од дотации на конто:

| | Стои | Треба да стои |
|---|---|---|
| 423610 - Наставно образовни помагала | 100.000 | 115.000 |
| 423710 - Средства за одржување на хигиена | 250.000 | 290.000 |
| 425760 - Превозни услуги во образованието | 1.844.800 | 2.167.542 |

## Член 2

Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година влегуваат во сила со денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*, а ќе се применуваат од 01 Јануари до 31 Декември 2008 година.

**Број 07- 824/5**
**17.04.2008 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампие Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината и начинот на плаќање на надоместоците за поставување на инсталации на територијата на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за измени и дполнување на Одлуката за утврдување на висината и начинот на плаќање на надоместоците за поставување на инсталации на територијата на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седумдесет и седмата Седница на Советот, одржана на ден 17.04.2008 година.

**Број 08-960/5**
**од 18.04.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.05/2002), член 12 и 13 од Законот за Градот Скопје ("Службен весник на РМ" бр 55/2004) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ("Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.05/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 77-та седница одржана на ден 17.04.2008 година, ја денесе следната

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината и начинот на плаќање на надоместоците за поставување на инсталации на територијата на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината и начинот на плаќање на надоместоците за поставување на инсталации на територијата на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.01/2008), како следи:

Во член 5 по ставот 2 се додаваaат став 3 и 4 кои гласат:

"Од плаќањето на надоместокот за поставување на инсталации во јавните површини се ослободува ЈП Водовод и канализација Скопје, формирано од Градот Скопје.

Членовите 1, 2, 3, 4, 7, 8 и 9 ќе се применуваат и во постапката за издавање на согласнот за извршување на прекопи од страна на ЈП Водовод и канализација - Скопје."

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-824/6**
**од 17.04.2008 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Ангелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за измени и дополнувања на Програмата за урбано планирање *Ф* на Општина Ѓорче Петров**
**за 2008 година**

Се објавува Одлуката за измени и дополнување на Програмата за урбано планирање *Ф* на Општина Ѓорче Петров за 2008 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седумдесет и седмата Седница на Советот, одржана на ден 17.04.2008 година.

**Број 08-960/6**
**од 18.04.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 7 и член 17 став 1 и 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр.51/2005), член 43 став 5 и 6 и член 46 став 10 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ” бр.53/2001), член 15 став 1точка 1алинеа 6 од Законот за град Скопје (“Службен весник на РМ” бр.55/2004) и Законот за буџетите (“Службен весник на РМ “бр. 79/1993; 03/1994; 71/1996; 46/2000; 11/2001; 93/2001, 46/2002) и член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (“Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” бр. 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 77-та Седница одржана на ден 17.04.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Програмата за урбано планирање “Ф” на Општина Ѓорче Петров за 2008 година**

**Член 1**

Во Програмата за урбано планирање ”Ф” на Општина Ѓорче Петров за 2008 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” бр.11/2007), во точка 5 „Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба”, во подточка 5.1. се менува ставот 5 и гласи:

„За финансирање и расчистување, проектирање и изградба на катни гаражи и паркинзи, каде согласно Законот за градежно земјиште не може да се изведе паркирање во рамките на урбанистичката парцела, ќе се одвојува процентуален дел во висина од 7%од висината на основицата утврдена во точка 5 од оваа Програма. Овие средства ќе се наплатуваат на посебна сметка за оваа намена, согласно Одлуката на Советот на Општина Ѓорче Петров објавена во „Сл.гласник на Град Скопје” бр.7/2004”

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-824/7**
**од 17.04.2008 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П РЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**